

**MSC SEAVIEW**

**КРСТАРЕЊЕ ПО ЗАПАДЕН МЕДИТЕРАН**

**06.10.2025 – 15.10.2025**

**ИТАЛИЈА – ШПАНИЈА – ФРАНЦИЈА**




EL MUNDO

EST. 2012






| Ден | Датум | Пристаниште | Пристигнување | Заминување |
|---|---|---|---|---|
| 1. Среда | 08.10.2025 | **Чивитавекија/**Civitavecchia(Rome), **ИТАЛИЈА** | - | 19:00 |
| 2. Четврток | 09.10.2025 | **Ден на море (Пловидба)** | - | - |
| 3. Петок | 10.10.2025 | **Палма де Мајорка/**Palma de Mallorca, **ШПАНИЈА** | 09:00 | 23:00 |
| 4. Сабота | 11.10.2025 | **Барселона/**Barcelona, **ШПАНИЈА** | 08:00 | 17:00 |
| 5. Недела | 12.10.2025 | **Кан (Азурен Брег)/Cannes (Côte d'Azur), ФРАНЦИЈА** | 08:30 | 17:30 |
| 6. Понеделник | 13.10.2025 | **Ценова/**Genoa(Portofino), **ИТАЛИЈА** | 07:00 | 18:00 |
| 7. Вторник | 14.10.2025 | **Ла Специја/**La Spezia (Cinque Terre), **ИТАЛИЈА** | 07:00 | 18:00 |
| 8. Среда | 15.10.2025 | **Чивитавекија/**Civitavecchia(Rome), **ИТАЛИЈА** | 07:00 | - |

**ЦЕНАТА НА ПАТУВАЊЕТО Е ВО ЕВРА ПО ЛИЦЕ ВО ДВОКРЕВЕТНА - КАБИНА/СОБА**
**(уплатата е во денарска противвредност по курс 62.00)**

| Датум | Цена за сместување/услуга | | |
|---|---|---|---|
| 06.10.2025 | внатрешна кабина | прозорска кабина | балконска кабина |
| Цена по лице | 1.890 € | 2.190 € | 2.390 € |

- **Трето и четврто возрасно лице над 18 години**
  - **Во внатрешна кабина – 1.650 €**
  - **Во прозорска кабина – 1.880 €**
  - **Во балконска кабина – 2.020 €**

- **Деца до 18 години**
  - **Во внатрешна кабина – 1.434 €**
  - **Во прозорска кабина – 1.620 €**
  - **Во балконска кабина – 1.720 €**

# Италија – Шпанија – Франција

## Крстарење по МЕДИТЕРАНОТ со MSC SEAVIEW
## 10 дена / 9 ноќи
## 06.10.2025 – 15.10.2025

### 1. ден (06.10.2025) СКОПЈЕ – ЧИВИТАВЕКИЈА(Civitavecchia)







Сите патишта водат во Рим, а нашето патување почнува од Рим.

Состанок на групата на Меѓународниот аеродром Скопје во 02:00 часот. Полетување за Белград во 04:00, слетување во 05:10. Полетување за Рим во 06:45, слетување во 08:20.

По завршување на пасошките и царинските формалности полудневен панорамски разглед на Рим. Сместување во хотелот околу 15 часот.

Вечниот град или како што милуваат да кажат италијаните за својот главен град, Рим е град кој е свет сам за себе. А, според познатиот поет Џовани Пасколи, користејќи палиндром, ROMA – AMOR, РИМ е ЉУБОВ.

Рим се наоѓа во областа Лацио, „срцето на Италија", на реката Тибар и се простира на познатите седум рида. Од седумте рида на доцнежен Рим, пет од нив (Авентин, Целиј, Есквилин, Квиринал и Виминал) се населени подрачја, полни со споменици, згради и паркови, Капитол денес е седиште на општината Рим, а Палатин е археолошко подрачје.

Полудневен организиран панорамски разглед: Портата Сан Паоло, пирамидата на Caius Cestius, Бањите на Каракала, Circus Maximus, Римскиот амфитеатар, каде што во античко време се одржувале гладијаторски борби – Колосеум, плоштадот Венеција (Piazza Venezia), Трајановиот столб, римскиот Форум, Via Veneto, Villa Borghese, Castel Sant'Angelo, Хадриановиот мавзолеј.

**Ноќевање.**

### 2. ден (07.10.2025) РИМ

**Појадок.**

Пешачки радглед на Рим: Римскиот Форум, Виа дел Корсо (Via del Corso), Фонтаната Треви (Fontana di Trevi), Пантеон (храмот на сите богови), плоштадот Навона (Piazza Navona), Шпанскиот плоштад со познатите скали, плоштадот Венеција. Слободна вечер.

**Ноќевање.**

### 3. ден (08.10.2025) РИМ

**Појадок.**

Рим е единствен град во светот со независна држава во себе, Ватикан, седиште на папата, заради што го прави и еден од најголемите светски центри на аџилак.

Одјавување од хотелот. Предлог: Факултативна посета на Ватикан (монументалната базилика "Св. Петар", улицата на помирувањето (Via della Conciliazione) со колонадата на Бернини, Ватиканските музеи – музејот на античката уметност, Пинакотека, Грегоријанскиот световен музеј и Пиовскиот христијански музеј, Сикстинската капела.

Во сите тие објекти се наоѓаат непроценливите ремен дела создадени од познатите уметници како што се Микеланџело, Рафаело, Џото, Ботичели и многу други.

Трансфер во траење од 2 часа до пристаништето во Чивитавекија. Планирано пристигнување во Чивитавекија околу 15:00 часот. Чекирање и качување на бродот. Сместување во кабини и слободно време на бродот.

**Исловување во 19.00 часот.**

### 4. ден (09.10.2025) Пловидба

Бродот плови кон Палма де Мајорка. Слободно време за уживање на содржините на бродот MSC Seaview. Базени, теретана, спа центар, театар, кино сала, игротека за деца опремена од Lego и Chico, ресторани, барови.

## 5. ден (10.10.2025) ПАЛМА ДЕ МАЈОРКА (Palma de Mallorca)






**Впловување во Мајорка во 09:00 часот.**

Разглед на Мајорка со нашиот водич.

Мајорка, бисерот на архипелагот Балеарски острови, најголемиот остров во Шпанија, што го кажува и самото име, кое потекнува од латинскиот јазик, а означува „голем“. Островот е познат по својата убава природа, преубави заливи на исток и егзотични плажи на југ и на север. Тука има се` на едно место, кристално бистро море, убави песочни плажи, скриени лагуни, бујни борови шуми, палми и импресивни планински венци.

Палма де Мајорка е главен и најголем град на автономната заедница на Балеарските острови. Сместена е на јужниот брег на Мајорка во заливот Палма.

Поволната географска положба на градот му овозможила екстензивни трговски односи со Каталонија, Валенсија, Прованса, северно африканските градови, италијанските републики и провинциите кои биле под власт на Отоманското царство. Овој дел од историјата на Палма (14-тиот - 15-тиот век) се смета за златното време на градот. Во поновата историја, Палма доживува експанзија како туристичка дестинација, од 1950 година, привлекува туристи од целиот свет и работници од внатрешноста на Шпанија. И еден куриозитет, островот Палма е родно место на познатиот светски тенисер Рафаел Надал.

**Исповување на бродот во 23.00 часот.**

## 6. ден (11.10.2025) БАРСЕЛОНА (Barcelona)






**Вповување во Барселона во 08:00.**

Прекрасниот главен град на Каталонија, Барселона, е град полн со чуда, град кој навистина има што да понуди и нема да ве остави рамнодушни. Барселона е и втор по големина град во Шпанија. Денес тој е значаен културен центар и главно туристичко одредиште со богато културно наследство.

Предлагаме факултативен разглед на Барселона.

Најстариот кварт на Барселона, Barri Gotic, е еден од најубавите делови на Барселона. Овој историски дел од градот содржи некои од најзначајните споменици и архитектонски чуда, како што се римските ѕидини и средновековната еврејска населба.

На оваа локација се наоѓа готската катедрала, Catedral de la Santa Creu и Santa Eulàlia, која датира од периодот помеѓу 13-тиот и 15-тиот век. Плаца Рејал (Placa Reial) е еден од најубавите плоштади во готскиот кварт.

Меѓу најпопуларните атракции кои можат да се посетат во Барселона се и незаобиколната Саграда Фамилија (Sagrada Familia), ремек дело дизајнирано од Антони Гауди, и светско наследство на УНЕСКО. Куќата на коските (Casa Batllo), уште едно ремек дело на познатиот Антони Гауди кој ја отелотворува фантазијата како со внатрешниот дизајн така и со интригантната фасада. Паркот Гуел (Park Guell), земјата на чудата на Гауди. Да, и тој е дизајниран од Антони Гауди, парк кој нуди неверојатно искуство благодарение на неговите импозантни скулптури, внатрешниот мозаик и панорамскиот поглед на градот.

Магичната фонтана Монжуик (Montjuic), симфонија на вода и светлина. Булеварот Дијагонал, главната авенија која Барселона ја дели на два блока источен и западен, зелената авенија Рамбла (La Rambla) која започнува на централниот плоштад Пласа Каталуња и завршува кај споменикот Колумбо, местото каде Колумбо пристигнал по откривањето на Америка, Олимпиското пристаниште, ридот Мон Жуик со Олимпискиот стадион и спортската палата, музејот на ФК Барселона и стадионот „Камп Ноу“, плоштадот Шпанија на која се наоѓа Конгресниот центар, Националната галерија на каталонската уметност, Плажата Барселонета, Шпанското село.

**Исповување на бродот во 17.00 часот.**

## 7. ден (12.10.2025) КАН (Cannes)







**Впловување во Кан во 08:30.**

Пристигнувањето во овој град несвесно го засилува чувството на занес и ѕвезден сјај бидејќи Кан е синоним за популарниот филмски фестивал, црвениот ќилим, холивудскиот и светскиот филмски крем и блицовите на фотоапаратите.

Но, Кан не е само град на филмскиот фестивал, тој е многу повеќе од тоа.

Слободно време за разгледување на Кан со нашиот водич.

Областа каде што се наоѓа Кан била населена уште од античко време. Од мало рибарско село сместено на ридот, опкружено со ѕидови, почнало да се менува со доаѓањето на Наполеон, при неговото бегство од островот Елба во 1815 година. Но, камен-темелникот на развојот го поставил англискиот Лорд Брогам (Lord Brougham), кој тука изградил замок во 1839 година. Тој го поддржувал финансиски развојот на градот. По него доаѓале други богати Англичани, а потоа и туристи.

Во знак на благодарност за големиот придонес на Лорд Брогам, во паркот е поставена статуа со неговиот лик.

Булеварот де ла Кроазет (Boulevard de la Croisette) се простира покрај морето, на местото на поранешната железничка линија. Тоа е широка, шармантна сообраќајница и шеталиште, по која се одвива најголемиот дел од сообраќајот. Секако, сите најважни објекти се поставени токму тука, пред се луксузните хотели, како што се Carlton, Hilton, Royal, потоа Municipal Casino, Casino d'Ete, Casino du Palm-Beach...

Најлуксузниот објект несомнено е хотелот Карлтон (Carlton). На неговиот покрив има 2 куполи по моделот на градите на 'La Belle Otero' - позната куртизана од тоа време. Тие куполи се сметаат за симбол на Кан.

Стариот дел на Кан, односно ридот Le Suquet нуди вистински медитерански дух, а не заборавајте да се искачите на кулата Castre, која нуди поглед на Кан и Медитеранот.

Кан е и културен град со многубројни музеи и паркови, од кои ги издвојуваме Музејот на Пикасо, Музејот Castre, Музејот на морето и паркот Феникс (Phoenix).

Кан е познат и по својата песочна плажа долга 2,5 километри, широка 20 метри.

Заштитен знак на градот е палмата, медитеранското дрво на сите нам познато, кое овде го добива својот статус на ѕвезда, поради што главната филмска награда на фестивалот се нарекува ``златна палма``.

**Исловување на бродот во 17.30 часот.**

## 8. ден (13.10.2025) ЏЕНОВА (Genoa)






**Впловување во Џенова во 07:00.**

Џенова е главн град на регионот Лигурија. Џенова е родно место на Кристофер Колумбо, Николо Паганини, Ѓузепе Мазини.

Тој е еден од најголемите Европски градови на Медитеранот и најголемо пристаниште во Италија. Ја нарекуваат “Горделива” заради нејзиното величествено минато. Впишана е на листата на светското културно наследство на УНЕСКО во 2006 година. Нејзината богата историја, а посебно уметноста, музиката и кујната придонесоа во 2004 година да стане Европска престолнина на културата.

Слободно време за разгледување на Џенова со нашиот водич.

Кралската палата (Palazzo Reale) била изградена на почетокот на 17-тиот век, а денес е музеј. Пожелно е да се посетат плоштадот Ферари (Piazza Ferrari) и улицата Гарибалди (Via Garibaldi) на која се наоѓаат Белата палата (Palaazzo Bianco) и Црвениот дворец (Palazzo Rosso).

Во близина на Виа Гарибалди се наоѓа плоштадот Ферари (Piazza De Ferrari) каде покрај прекрасната фонтана се наоѓаат и Театро Карло Феличе (Teatro Carlo Felice), зградата на лигурската управа, Дуждовата палата (Palazzo Ducale), како и споменикот што го претставува Гарибалди на коњ.

Во Дуждовата палата денес се сместени музеи, меѓу кои и многу популарниот џез музеј, како и архивата, галерија, продавници, книжарница и ресторани.
Куќата на славниот Кристофер Колумбо всушност била изгорена. Реплика на неговата куќа била изградена на истото место каде што била во 17-тиот век, а сега е музеј.
Џенова е град во Италија кој има неколку градски порти.
Една од тие градски порти, наречена Порта Сопрана, е во самиот центар на градот. До таа порта се наоѓа куќата на славниот Кристофер Колумбо. Катедралата Свети Лоренцо (San Lorenzo) се наоѓа во близина на старото пристаниште (Porto Antico) изградена е во готски стил и била осветена во 1118 година. Трговска палата на Свети Ѓорѓи (Pallazo delle Comprere di San Giorgio) датира од 13-тиот век, а денес е седиште на управата на пристаништето.
Претходно оваа палата била и затвор во кој како затвореник престојувал и познатиот Марко Поло. Во поморска битка џеновјаните ги поразиле венецијанците и Марко Поло бил заробен бидејќи бил на страната на венецијанската флота. Во занданата каде што бил одведен, ги напишал своите познати патописи.
Аквариумот (Acquario di Genova) е изграден во 1992 година, исполнет со шест милиони литри вода и во него пливаат 400 видови морски животни. Стаклената сфера (La bolla di Renzo Piano), позната и како Биосфера, се наоѓа на спротивната страна од аквариумот во Џенова. Стаклениот глобус во Џенова е дом на различни растенија, пеперутки и птици и затоа привлекува посебно внимание.
Градот е седиште на огромни бродоградилишта и челична индустрија од 19-тиот век, а неговиот финансиски сектор датира уште од средниот век. Банката на Сеинт Џорџ основана во 1407 година е помеѓу најстарите банки на светот и играла многу важна улога во просперитетот на градот уште од средината на 15-тиот век.
Денес, голем број на водечките италијански компании имаат седиште токму тука, вклучувајќи ги и Selex ES, Ansaldo Energia, Ansaldo STS, Edoardo Raffinerie Garrone, Piaggio Aerospace и Costa Cruises.
**Исплovување на бродот во 18.00 часот.**

## 9. ден (14.10.2025) ЛА СПЕЦИЈА (La Spezia)






**Впловување во Ла Специја во 07:00.**
Ла Специја (италијански: La Spezia, локално се изговара: Spèza) е град во северозападна Италија. Градот е центар на истоимената област Ла Специја во рамките на италијанската провинција Лигурија. Ла Специја е првенствено позната како важна поморска база и центар на италијанската морнарица за Тиренското Море.
Предлагаме факултативна посета на Чинкветере. Националниот парк “Cinque terre” (пет земји) кој е под заштита на УНЕСКО и претставува збир од пет населби поставени на стрмните карпи на лигуријската ривиера, до кои не е можно да се дојде со кола. Автентичноста и недостатокот на комерцијализација го прави ова место да е посебено допадливо. Живописните куќи со пастелни и понекаде јаки бои, мрежата од патеки за шетање, како и приморскиот шарм, е нешто што никого не го оставаат рамнодушен. Ова место слободно може да се каже, како да е застанато во некое друго време, кога луѓето живееле поедноставно и поспокојно.
**Исплovување на бродот во 18.00 часот.**

## 10. ден (15/16.10.2025) ЧИВИТАВЕКИЈА (Civitavecchia)






**Впловување во Чивитавекија во 07:00.**
Слегување од бродот околу 10:00 часот. Трансфер со автобус до шопинг центрот Castel Romano Designer Outlet. Слободно време за пазарување и релаксирано уживање во содржините на шопинг центарот.
Трансфер до Остиа, во римско време пристанишен град, а денес населба на Тиренското море, каде што многу жители на Рим го поминуваат летниот одмор. Слободно време за прошетка и посета на локални знаменитости. Трансфер до аеродромот Фиумичино. Полетување за Белград во 21:00, слетување во 22:35. Полетување за Скопје во 0050, слетување во Скопје во 02:05.

## ВО ЦЕНАТА Е ВКЛУЧЕНО:

⚓ Авио билет на релација: Скопје Белград Рим Белград Скопје (06.10.2025 - 15/16.10.2025)
⚓ Рачен багаж (едно парче) до 8 кг (40x23x55цм) + чекиран багаж (едно парче) до 23 кг
⚓ Две ноќевања со појадок во хотел Pineta Palace 4*, Рим
⚓ Седум ноќевања со проширен полн пансион (појадок, ручек, закуски и вечера - Full board) на бродот MSC Seaview во двокреветни внатрешни, прозорски или балконски кабини
⚓ Панорамски разглед на Рим
⚓ Целодневна пешачка тура низ Рим со нашиот водич на Македонски јазик
⚓ Трансфери во Рим според програмата
⚓ Пешачка тура во Мајорка со нашиот водич на Македонски јазик
⚓ Пешачка тура во Кан со нашиот водич на Македонски јазик
⚓ Пешачка тура во Ценова со нашиот водич на Македонски јазик
⚓ Пратител и водич на Македонски јазик
⚓ Организација на патувањето

## ВО ЦЕНАТА НЕ Е ВКЛУЧЕНО:

- Меѓународно патничко здравствено осигурување (задолжително).
- Факултативна посета на Ватикан (08.10.2025)
- Факултативен разглед на Барселона (11.10.2025)
- Факултативен разглед на Чинкветере (14.10.2025)
- Трансфери од бродот до местата каде бродот впловува подалеку од центарот на градот (10-15 € по трансфер)
- Пијалоци на бродот.

## ОПИС НА БРОДОТ

| | |
|---|---|
| Превозна компанија: | MSC CRUISES |
| Брод: | Seaview |
| Должина / Ширина / Висина: | 323 м / 41 м / 74,8 м |
| Број на патници: | 5079 |
| Број на кабини: | 2036 |
| Палуби: | 19 |

Повеќе детали на веб страната: https://www.msccruises.com/int/our-cruises/ships/msc-seaview








## СМЕСТУВАЊЕ:

**Брод MSC Seaview.**

Агенцијата организатор на ова патување не ги одредува броевите на кабини и палубите на кои истите се наоѓаат. Го обезбедува типот на кабина кој е резервиран.

## НАПОМЕНА:

• За резлизација на ова патување е потребен минимум од 20 патници.

• Сите одредби и правила за време на крстарењето се дефинирани со прописите на компанијата MSC Cruises (Посебни услови за патување)

• Секоја промена на програмата за патување од страна на самиот патник во текот на патувањето, со согласност на претставникот на агенцијата, не претставува промена во договорената програма

• За сите факултативни екскурзии мора да има минимален број учесници за да се реализираат

• Организаторот на патувањето не е овластен да ја оценува исправноста на патните и другите документи на патниците

## УСЛОВИ НА ПЛАЌАЊЕ:

За резервација на овој аранжман потребна е уплата од 50%, остатокот 30 дена пред почеток на патувањето.

## ОТКАЗЕН РОК:

**До 40 дена пред патувањето се задржува 50 % од цената, од 39 дена до почетокот на патувањето 100% од цената.**

- ✓ Агенцијата организатор на ова патување го задржува правото на промена на редоследот на поединечните содржини од програмата доколку за тоа има потреба од објективни причини. Организаторот го задржува правото на промена на цената во случај на промена на курсот на монетарниот пазар и слично.
- ✓ Организатор на ова патување е Ел Мундо, Скопје.
- ✓ Бродската компанија MSC Cruise го задржува правото на измена на рутата без претходна најва.
- ✓ Програмата е лекторирана од лектор Ксенија Митева.
- ✓ Важат општите услови на патување на Ел Мундо и СКТМ.



**ЕЛ МУНДО**
**Бул Партизански одреди 62А**
**1000, Скопје**
**02/305 17 48**
**elmundo@elmundo.com.mk**